**20240260708**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 87/23), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ И НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ НА ВОЗИЛАТА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 293/20 и 114/23), во член 9 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Регистарската таблица за моторни возила постари од 35 години е изработена од метал, прекриена со ретрорефлектирачка фолија во бела боја на која со сиви букви и броеви е испишано: ознака „NMK“, регистарски број составен од четири броеви, буквена ознака „H“ која не е променлива и вертикално поставен број „35". Регистарската таблица содржи сино поле во кое во долниот дел е испишана националната авто ознака на Република Северна Македонија, а во горниот дел е оставен простор за ознаката на Европската унија. Помеѓу ознаката „NMK“ и регистарскиот број на возилото е поставена црвена правоаголна подлога, на која со жолти букви се испишани ознаката „НМК“ и непроменливата буквена ознака на кирилица. На горната, долната, левата и десната страна на регистарската таблица поставена е права сива испакната линија со стандарден радиус на аглите (R 12).“.

Член 2

Обрасците бр. 23, 24 и 25 се заменуваат со нови Обрасци бр. 23, 24 и 25, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Бр. 13.11-12816/1
1 февруари 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.

Образец бр. 23




Образец бр. 24



Образец бр. 25

